**20221081412**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ СОБРАНИ И ОБРАБОТЕНИ СО ИЗВРШУВАЊЕТО НА НАРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ОДБРАНАТА НА ДРЖАВАТА И НАЧИНОТ НА НИВНО НИШТЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на утврдување на релевантноста на податоците собрани и обработени со извршувањето на наредбата за спроведување на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата и начинот на нивно ништење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 197/18).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-46430/1
28 април 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.